Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

101 година

Број 551 www.mchamber.mk 24.11.2023



## ОДРЖЛИВО РУДАРСТВО, КЛУЧНИ АСПЕКТИ ОД СТРАТЕГИЈА ЗА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2025 – 2045

## “ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР: КАКО ДО КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА?“ – бизнис средба

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА ВО КОМПАНИИТЕ - ОБОСТРАН БЕНЕФИТ И ЗА КОМПАНИИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ

28.11.2023, Семинар
МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

28.11.2023, Семинар
ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

28.11.2023, Семинар
„ПОПИС НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА И ЗАЛИХИ“

29.11.2023, Семинар
НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ ФУНКЦИИ ЗА ФИЛТРИРАЊЕ, НАПРЕДНО ФИЛТРИРАЊЕ, ВАЛИДАЦИЈА, СРЕДУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И ТЕКСТУАЛНИ ФУНКЦИИ

30.11.2023, Семинар
СЀ ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ЗА ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ, ВКЛУЧИТЕЛНО И НОВИНИТЕ ЗА ТЕКСТИЛ, ГУМИ, МАСЛА И ИСКОРИСТЕНИ ВОЗИЛА СО ПРИМЕНА ОД 01.01.2024 ГОДИНА

01.12.2023, Семинар
EMPLOYER BRANDING – КОМУНИКАЦИЈА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА НОВ КАДАР

05.12.2023, Семинар
ИНТЕРНИ И ЕКСТЕРНИ ЗЛОУПОТРЕБИ - ПРЕВЕНЦИЈА И ОТКРИВАЊЕ -

06.12.2023, Семинар
БЕЗБЕДНА РАБОТА НА НИСКИ ТЕМПЕРАТУРИ – ПРЕВЕНЦИЈА, МЕРКИ, ПРЕПОРАКИ –

12.12.2023, Семинар
МАКСИМИЗИРАЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА: СТРАТЕГИИ И АЛАТКИ ЗА МЕРЕЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИТЕ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ИНСТИТУЦИИ

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

GRANIT, EVN, vitaminka, T, IGM trade, Gulf, МЕПСО, NLB Banka, ПЕКАБЕСКО, КОЖУВЧАНКА, nextsense, MERMEREN Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, CROATIA OSIGURANJE, HALKBANK, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, Duna, Comodita HOME, seavus

## СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, Swisslion, COLENCO, VEZE SHARRI, AllianceOne




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## ОДРЖЛИВО РУДАРСТВО, КЛУЧНИ АСПЕКТИ ОД СТРАТЕГИЈА ЗА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2025 – 2045




Во текот на редовната седница на Македонската Асоцијација на рударство, во соработка со професор д-р Блажо Боев и д-р Александар Дединец, претставници на изготвувачот на „Стратегија за геолошки истражувања и одржливо искористување на минералните суровини на Република Северна Македонија 2025 – 2045", се одржа кратка презентација на нацрт – верзија на стратегијата пред компаниите членки на Македонската Асоцијација на рударство (МАР). На седницата со свој претставник (државен советник за минерални суровини г-дин Флорент Чиче), зема учество и нарачателот на стратегијата, Министерството за економија.

Процесот на изготвување на стратегијата вклучи многу стручњаци и експерти, вклучувајќи ги и претставниците од Асоцијацијат за рударство при Комората. Проф. д-р Блажо Боев и д-р Александар Дединец, презентирајќи ја Стратегијата истакнаа значајни точки во стратегијата кои ќе имаат значително влијание врз развојот и одржливоста на рударскиот сектор во периодот од 2025 до 2045 година.

Стратегијата посветена на геолошки истражувања и одржливо искористување на минералните суровини има за цел да го поддржи развојот на рударството во согласност со највисоките стандарди на одржливост и заштита на животната средина.

Констатацијата на членките на МАР е дека ќе продолжи да соработува со владините институции и стратешките партнери за успешната имплементација на стратегијата, обезбедувајќи рамни услови за развој и иновации во рударскиот сектор.

„Веруваме дека оваа стратегија ќе биде основа за постигнување на високите стандарди и раст на рударскиот сектор во Република Северна Македонија. Нашиот заемен ангажман и соработка со сите заинтересирани страни ќе бидат клучни за успешната реализација на замислата за стратегијата за периодот пред нас,,- заклучи претседателот на МАР, Ивица Телевски.

# "ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР: КАКО ДО КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА?"




Недостигот на работна сила станува сѐ посериозен проблем со кој се соочува бизнис заедницата. Дуалниот модел на образование, како најефикасен начин на подготовка и обезбезбедување квалификуван кадар, што беше во фокусот на активности на Комората во последните години, веќе ги дава своите резултати, но времетраењето на обезбедување кадар преку овој модел е доста долг. Бизнисот не може да чека и потребни се побрзи решенија во процесот на обезбедување кадар. За таа цел, Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките во рамките на Стопанската комора во соработка со УНДП, ја организираше бизнис средбата со компаниите на тема: "Поддршка на приватниот сектор: КАКО ДО КВАЛИФИКУВАНА РАБОТНА СИЛА?".

На настанот беа презентирани услугите на Советот кој функционира преку организационите целини во процесот на обезбедување кадар, унапредување на знаењата и вештините на вработените и усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на труд: Центарот за дуално образование чии активности се насочени кон вмрежување на компаниите и стручните училишта за реализација на дуално образование, обуката на ментори во компании и верификацијата на компании за практична обука на ученици, како и учество во подготовка на законска регулатива за системска имплементација на дуалното образование; Центарот за преквалификација и доквалификација, чии активности се насочени кон анализи за потребите од кадар, изработка на програми за квалификации врз основа на анализите или на барање на компаниите, обуки за програмите за стекнување на квалификации; Центарот за унапредување на тренингот и обуките, чии активности се насочени кон обуки и работилници за унапредување на трансферзалните/ специфичните вештини на вработените во компаниите, обуки, семинари и работилници за стручно оспособување и унапредување на знаењата на стручните кадри и промотивни настани, јавни дебати, тркалезни маси и конференциии и Берзата на труд чии активности се насочени кон поврзување на понудата и побарувачката на пазарот на труд.



Пред присутните компании, беа презентирани мерките од Оперативниот план за вработување на РСМ, финансирани од УНДП: Мерка 3.2 (а) Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите за верификувани програми и Мерка 3.2 (б) Стручни обуки според барање на работодавачите за неверификувани програми, со цел да се обезбедат обуки на невработени лица за стручни квалификации во тесна соработка со работодавачите и вработување на најмалку 50% од лицата кои учествувале во обуката од страна на работодавачот.

На бизнис средбата беа презентирани и активностите на Советот при Комората за обука на стручен кадар на барање на работодавач преку користење на Мерката 3.2 (а) и вработување на лицата по завршување на нивната обука. Од страна на преставникот на УНДП беше потенцирано дека од воведувањето на овие мерки, уште во 2013 година, Комората била активно вклучена во процесите на преквалификација и доквалификација. Досега преку Комората се обучени 121 лице кое после обуката е веднаш вработено од страна на работодавачот.

Компаниите беа информирани за дигиталната платформа за советување и менторство која нуди поддршка за подобрување на видливоста на бизнисот преку изработка на маркетинг план, планот за човечки ресурси, планот за производство, изведба на кост-бенефит анализа, план за продажба, планирање и инвестиции, план за инвестиции и сл, како и за мерката 8: Креирање на работни места преку зелени инвестиции која има за цел намалување на невработеноста во земјата преку создавање нови работни места и поттикнување на процесот на зелена трансформација на приватниот сектор со воведување на зелени производи, услуги, технологии или процеси во претпријатијата.

На средбата свои обраќања имаа и претставници од Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на РСМ чии фокус е креирање политики за усогласување на понудата и побарувачката на пазарот на труд во дослух со работодавачите и реализација на активности насочени кон подобрување на состојбите на пазарот на труд преку поврзување на формалното и неформалното образование.

Претставниците од околу 30тина фирми од градежната, ИТ, прехрамбената и текстилната индустрија потенцираа дека:

1. Постојаното (до)усовршување на професионалните вештини е задолжително за наоѓање работни позиции.
2. Потребна е континуирана информираност за сите модели на поддршка од државата, а посебно од банките и другите финансиски институции.
3. Зелената трансформација е високо на листата на приоритети.

На настанот беше презентирано видеото за реализираната обука за Пекари што ја сптоведе Стопанската комора во соработка со работодавачот Депет ДОО, Скопје (Пекарница Пастел), користејќи ја мерката 3.2.(а).

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА ВО КОМПАНИИТЕ - ОБОСТРАН БЕНЕФИТ И ЗА КОМПАНИИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ



Следува уште една успешна приказна. Бројката на ученици кои се запишуваат во стручното образование од година во година расте и оваа учебна 2023/2024 година се запишаа 2/3 од завршените полуматуранти. Расте и бројката на компании вклучени во стручното и дуалното образование која доестигна до 540 компании. Покрај останатите активности на Стопанската комора, резултат за ова беше и дигиталниот саем за поттикнување на младите деветто одделенци за упис во средните стручни училишта.

Компанијата КАЗ ГРУП ДОО, Илинден, реномиран производител на делови за водоводни инсталации во регионот со развиена продажба на домашниот и странскиот пазар, активно е вклучена во процесот на реализација на практична настава за учениците од средното стручно училиште „Владо Тасевски“ од Скопје. Дуалната образовна програма им овозможува на учениците реализација на практичната настава со цел да се стимулираат за понатамошни работни активности и запознаат со самиот процес на работа, а на компанијата изградба на стручен кадар.

Катерина Илиоска, менаџер за човечки ресурси во компанијата, истакнува дека на взаемно задоволство, со претставниците од СУГС „Владо Тасевски“ од Скопје, имаат одлична меѓусебна комуникација, соработка и организација во остварување на дуалната образовна програма и практична работа. Компанијата и понатаму ќе се стреми кон транспарентност, доверба и почит, а склучениот Меморандум за соработка само ја офијализирала нивната соработка.

Практичната обука во компанијата ја вршат сертифицирани ментори со долгогодишно искуство од дејноста, кои исто така и издаваат соодветни потврди за извршување на успешноста на практичната настава за работното место каде ја вршел ученикот.

Во компанијата реализираат практична настава и во текот на летниот распуст, а за најуспешните ученици следуваа благодарници за постигнат успех и продуктивност во извршување на практичната настава и парични средства.

„Моето лично мислење, како одговорно лице за човечки ресурси, за овој вид на практична настава во компаниите, докажува постоење на обостран бенефит кој што има директно влијание на растот и развојот на кадарот во државата на долг рок, со што ќе ни овозможи на нас, квалитетен избор на кандидат за вработување во иднина.

Топла препорака до сите млади коишто сакаат своето образование да го насочат кон производствените машински дејности во иднина и сегашните ученици кои сакаат да ги прошират своите знаења стекнати во текот на образованието, да се охрабрат и да побараат од своите професори да им се овозможи практична настава во компаниите, сè со цел за полесно вработување во иднина“.



# НЕДОСТИГААТ ОКОЛУ 10.000 РАБОТНИЦИ, ЗАВАРУВАЧИ, СЛАТКАРИ, ПЕКАРИ, МЕСАРИ, НО И ТЕКСТИЛНИ ТЕХНИЧАРИ И ИНЖИНЕРИ



Стопанската комора будно ги следи потребите на бизнис заедницата за обезбедување стручен кадар за раст на продуктивноста и зголемување на извозната дејност на компаниите. Анализите што ги прави Комората покажуваат дека 60% од компаниите имаат недостиг на работна сила како резултат на несоодветни вештини и компетенции на лицата кои бараат работа, на незаинтересираност да бидат вработени или се без работно искуство. Потребите за квалификации се различни во зависност од тоа за кој регион станува збор. За некои региони региони се специфични едни квалификации, за друг регион други квалификации во зависност од дејноста што преовладува во регионот, но најмногу недостигаат машински техничари, заварувачи, слаткари, пекари, касапи, месари, млекари, текстилни техничари, градежни техничари. Овие анализи со кои располага Комората, се една од основите за креирање на мерки за обезбедување кадар за бизнисот во Оперативниот план за вработување. Во ваква ситуација кога недостатокот на работна сила во земјава како проблем се повеќе се продлабочува и приватниот бизнис сектор тешко наоѓа решение, Стопанската комора преку Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките во соработка со компаниите ги користи мерките на Оперативниот план за обезбедување кадар преку реализирање на обуки за преквалификација и доквалификација на кадар.

Целото интервју од гостувањето м-р Наташа Јаневска, проектен менаџер во стручната служба на Стопанската комора и претседател на Советот за унапредување на квалитетот на тренингот и обуките, можете да го погледнете на видеото во текстот.

**Панел на Стопанска комора на Северна Македонија на втората конференција на Балканскиот Економски Форум**

# Одржливо финансирање, до каде сме со примената на ЕСГ стандардите на Балканот




На 17 ноември во Тирана се одржа втората конференција на Балканскиот Економски Форум (Balkan Economic Forum). На конференцијата Стопанската комора на Северна Македонија се претстави со свој панел на тема „Одржливо финансирање, до каде сме со примената на ЕСГ стандардите на Балканот". Одржливото финансирање опфаќа низа активности, од вложување пари во проекти за зелена енергија до инвестирање во компании кои демонстрираат општествени вредности како што се социјално вклучување или добро владеење со тоа што, на пример, има повеќе жени во нивните одбори. Одржливите финансии имаат клучна улога во светската транзиција кон нето нула емисија преку канализирање приватен капитал во проекти кои се јаглерод неутрални.

Одржливото известување претставува транспарентно објавување на нефинансиските перформанси од страна на компанијата во однос на еколошките, социјалните и политиките на добро владеење. Имено, се повеќе целта на корпорациите се редефинира во создавање заеднички општествени вредности, а не само профит пер се. Акронимот ЕСГ (Environment, Social and Government) означува збир на квалитативни и кватитативни податоци кои го опишуваат односот на компанијата кон еколошкиот статус на бизнисот, општествените вредности и добрите политики за корпоративното управување на компанијата, вклучително и изложеноста на компанијата кон нив, како и управувањето со ризиците.

На панелот на Стопанската комора главен говорник беше г-ѓа Лаура Ќорлазе, претставник на ИФЦ (IFC) за Албанија, а панелисти беа г-ѓа Веселина Харалампиева, виш советник од ЕБОР (EBRD) Лондон, г-ѓа Лидија Нануш, постојан експерт на УНКТАД од Источна Европа, г-дин Методија Миноски, задолжен за управување со животната средина и известување за влијанието во ПроКредит Холдинг во Германија и г-дин Кастриот Арифи, член на работната група на ESG на Винаријата Тиквеш. Панелот го модерираше г-ѓа Аделиада Мехметај од невладината организација ConsciESG.

Панелистите ги споделија своите професионални искуства од различни аспекти и перспективи за ESG, фокусирајќи се на предизвиците и научените лекции, за да им помогнат на компаниите подобро да разберат зошто ESG стандардите се важни за бизнисите и како овие стандарди може успешно да се имплементираат во нивното работење.

Г-ѓа Ќорлазе истакна дека воведувањето и известувањето по ESG стандардите е процес и дека секоја компанија се обидува да го направи правилно, на начин што носи позитивно влијание за општествената средина, како и финансиска добивка за компанијата. Г-ѓа Лидија Нануш сподели зошто ESG е важен за компаниите, изнесувајки практични совети за тоа како да се усогласат ESG со Целите за одржлив развој (Sustainable Development Goals - SDG) на начин кој ги исполнува најновите критериуми за нефинансиско известување. Г-ѓа Веселина Харалампиева, ја презентираше агендата на ЕБОР за ESG стандардите, на што да се фокусираат компаниите од правна гледна точка и зошто ESG е важен за пазарите на капитал – компаниите кои инвестираат во ЕСГ стандардите ќе имаат пристап до поволни финансиски средств. Г-дин Методија Миноски, зборуваше за известувањето за ESG стандардите и зошто тие се важни од банкарска перспектива. Тој сподели конкретни насоки за тоа како компаниите можат да го објават својот напредок од аспект на животната средина. Г-дин Кастриот Арифи, член на работната група на ESG на Винаријата Тиквеш, го сподели практичното искуство од имплементацијата на ESG во Винаријата Тиквеш. Тој истакна дека ESG треба да биде врвна агенда за секоја компанија во моментов. Имено, немањето на нефинансиско известување за ЕСГ ќе влијае на конкурентноста на компанијата и ќе ја остави надвор од пазарите на капитал и инвестиции. Модераторот г-ѓа Мехметај ја затвори сесијата со констатација дека дефинирањето, воведувањето и известувањето по ЕСГ стандардите е прозорец на можности за компаниите од регионот во насока на започнување на агендата за одржливост, со учење и од глобалните грешки и од најдобрите примери.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар
28.11.2023

# ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Стопанската комора на Северна Македонија на 28 ноември 2023 година (вторник) организира специјалистички еднодневен „он-лајн" семинар на тема: ISO 21502:2020 – СТАНДАРД ЗА УСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ.

Повеќето организации се повеќе или помалку се базирани на аплицирање на проекти. Успешното управување со проектот е од суштинско значење за добивање на поголема ефикасност и подобри резултати од истиот. Проектите не се рутински операции, туку вклучуваат уникатни задачи неопходни за постигнување на една единствена цел. Често, проектната работа вклучува членови од различни профили и области и се формираат неколку различни тимови со цел успешното завршување на проектот, што може да означи голема пресвртница за понатамошното работење и развој на една организација. Со цел да се насочаат проектите кон постигнување на бенефите раководењето со проекти ги користи потребните знаења, алатки, вештини и техники од сите расположливи ресурси.

Статистиката покажува дека:

Само 58% од организациите ја разбираат вредноста на проектниот менаџмент;

Само 2,5% од претпријатијата успешно/100% ги завршуваат своите проекти;

55% од проект менаџерите пречекорувањето на буџетот е причина за неуспехот на истиот;

Недостатокот на јасни цели е причина за 37% од неуспешните проекти;

44% од проектите не успеваат поради недостаток на усогласување помеѓу деловните и проектни цели;

75% од проектите пропаѓаат бидејќи менаџментот и раководство не се вклучува активно;

57% од проектите не успеваат поради лошата комуникација на членовите вклучени на проектот.

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



Семинар
28.11.2023

# МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

Во услови кога голем број компании се соочуваат со недостиг од квалификувани и мотивирани вработени, евидентна е потребата од нови начини за мотивација и задржување на постоечките и новите членови во тимот. Перцепцијата на компаниите е дека новите вработени доаѓаат со работни навики и барања од менаџментот кои се "нелогични" и неоправдани, дека ги мотивира само платата и условите на работното место, дека лесно заминуваат за подобри услови. Од друга страна пак, лицата кои бараат вработување, особено младите, имаат перцепција дека во компаниите сеуште се применуваат застарени принципи на организација и раководење, дека недостига грижа за вработените, особено при воведот на работното место и вклопувањето во работната средина.

Новите генерации вработени, особено најновата тн. Gen.Z, (родени во периодот 1997-2012), имаат поинакви очекувања и потреби од работното место од оние на претходните генерации. Оваа нова Gen Z е порасната во ерата на интернетот и социјалните медиуми, со брз пристап до информации и очекувања за исто така брза примена на новите технологии на работното место. За многу компании со воспоставени системи на управување се очекува авторитетот да дојде од позицијата, а не од компетенциите на личноста на таа позиција, што креира средина во која новите, млади лица не се пронаоѓаат или не остануваат долго.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 28 ноември 2023 година организира семинар на тема: „МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?". На интерактивниот семинар ќе бидат споделени увидите од неколку интернационални студии и истражувања на оваа тема, како и искуствата на консултантите од работата со компаниите во Македонија и регионот. Низ интерактивните сесии ќе истражиме како овие концепти може да се применат во вашата компанија.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

Семинар
05.12.2023 -
06.12.2023

# ИНТЕРНИ И ЕКСТЕРНИ ЗЛОУПОТРЕБИ - ПРЕВЕНЦИЈА И ОТКРИВАЊЕ -

Поради сè почестата злоупотреба на податоците, како од надворешни така и од внатрешни фактори, се наметнува потребата од јакнење на безбедносните капацитети на организацијата. Со цел навремена превенција и откривање на сомнителните активности и инциденти, кои можат да се спречат преку правилна проценка и преку третман на ризиците, Стопанската комора на Северна Македонија на 5 и на 6 декември 2023 година организира дводневен „онлајн“-семинар на тема: ИНТЕРНИ И ЕКСТЕРНИ ЗЛОУПОТРЕБИ – ПРЕВЕНЦИЈА И ОТКРИВАЊЕ.

Целта на семинарот е учесниците да се здобијат со основни и со напредни знаења и разбирања за методите кои може да се користат за откривање и за превенција на интерните и на екстерните измамнички активности.

За кого е наменет семинарот?

Семинарот е наменет за менаџментот во компаниите, за раководителите и за вработените во службите за откривање и за превенција на злоупотреби; за вработените во ИТ-службите и во службите за безбедност на информатичкиот систем и за управување со усогласеноста; за правната служба и за одговорните лица за заштита на деловните информации и за управување со оперативни ризици; за интерни и за екстерни ИТ-ревизори и за ревизори на деловни процеси; за лицата задолжени за дефинирање и за примена на контрола за превенирање и за откривање интерни и екстерни злоупотреби, како и злоупотреби на платежни системи; за вработените кои управуваат со безбедноста на платежните картички и со дигиталните сервиси за виртуелни и за мобилни плаќања; за вработени кои работат на развој на методологии за превенирање и за ефикасно откривање на измамничките активности, како и за сите оние кои имаат потреба од соодветно управување и спречување злоупотреби и од заштита на клиентите и на секојдневното работење во компаниите.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



Семинар
13.12.2023 -
22.12.2023

# Практичен курс - водич за успешна продажба преку социјалните мрежи INSTAGRAM – КАКО АЛАТКА ЗА ПРОДАЖБА

Постојат околу 2 милијарди корисници на Инстаграм во светот. 90% од нив следат барем една компанија на Инстаграм. Само поради ова, се плаќа за да се создаде профил за вашата компанија со апликацијата Instagram. Но, дали знаете дека можете да го преземете вашиот бизнис чекор сами и понатаму да почнете да продавате на Инстаграм?

На овој курс ќе научите како да креирате бизнис профил и да продавате на Инстаграм или преку Инстаграм користејќи други платформи.

Економските трендови во земјата и светот покажуваат дека социјалните мрежи како Инстаграм стануваат водечки платформи не само за дружење, туку и за добри бизнис потези, односно продажба на производи.

Всушност, повеќе од 25 милиони бизниси го користат Instagram за промовирање на нивните услуги, и ќе има сè повеќе од нив бидејќи Instagram е најбрзо растечката социјална мрежа.

Инстаграм е една од најдобрите 4 социјални мрежи со најголем број корисници.

За да го олесниме вашето патување во продажбата на Instagram, подетално го подготвивме овој курс, чекор по чекор како водич. Нашата цел е да одговориме на сите прашања кои би можеле да ги имате додека го започнувате процесот на продажба на Инстаграм, оттука Ве покануваме да земете учество на четиридневниот курс за INSTAGRAM – КАКО АЛАТКА ЗА ПРОДАЖБА, кој ќе се одржи во декември (13, 14, 20 и 21 од 9:00 до 12:00 часот), во Стопанска комора на Северна Македонија, сала 1 на 5-ти кат.

Контакт лица:

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Тренинг обука 14.12.2023 - 22.12.2023**

# ЧЕТИРИДНЕВНА ОНЛАЈН ОБУКА НА ТЕМА: САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

**ЧЕТИРИДНЕВНА "ОНЛАЈН" ОБУКА НА ТЕМА:**

***<u>САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ</u>***

**14.12.2023, 15.12.2023, 20.12.2023 и 22.12.2023**



**Предавачи:**

-***Проф.д-р Маријан Стевановски***, редовен професор и самостоен научен истражувач и
- ***Проф. м-р Кристина Стевановска Маневска***, професор и експерт од областа на сајбер безбедност.

***Заинтересираните за учество на овој семинар можат да се пријават најдоцна до 12.12.2023 година.***

Стопанската комора на Северна Македонија, на: 14.12.2023, 15.12.2023, 20.12.2023 и 22.12.2023, организира четвородневна обука на тема: „САЈБЕР БЕЗБЕДНОСТ". Модулот Сајбер безбедност ги опфаќа главните вештини и знаења потребни за безбедно користење на ИКТ во секојдневните услови, дома и на работа.

За поединци и организации, важно е да ја разберат добрата практика во одржување на безбедна мрежна врска, безбедно користење на интернетот и управување со податоци и информации. Овој модул опфаќа концепти околу безбедни информации и податоци, физичка безбедност, приватност и кражба на идентитет.

Бидејќи податоците и информациите се вредни, имањето соодветно знаење, вештини и свест за нивно заштита е корисно во широк опсег на работни улоги. Модулот за сајбер безбедност им помага на работниците и работодавачите да ги заштитат овие клучни ресурси.

Контакт лица:
м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



**Семинар 12.12.2023 - 22.12.2023**

# Практичен курс за MS EXCEL (ОСНОВНО НИВО) - КЛУЧ ЗА УСПЕХ НА ВАШЕТО РАБОТЕЊЕ

MS EXCEL е алатка која успешно се применува во сите индустрии. Се користи за табеларно организирање на податоците, кои потоа лесно се обработуваат и анализираат за да се креираат извештаи врз основа на кои компаниите донесуваат различни деловни одлуки. Оттука е и важноста во секоја компанија да се користат MS EXCEL алатките и вработените наместо рачно да внесуваат податоци, да научат тоа да го прават на полесен и професионален начин и да ја избегнат можноста од несакани грешки.

Курсот е прилагоден за основно ниво каде низ практични примери и самостојно работење ќе ги совладате и ќе научите да ги применувате основните excel функции, како што се работа со формули и функции, создавање на табели и листи, работа со податоци и напредни алатки за поефикасно работење.

По завршувањето на курсот за MS Excel, ќе се стекнете со практично знаење применливо во пракса, ќе ви помогне во автоматизирањето на работата, брзо и точно процесирање на податоците, создавање на прецезни информативни табели и листи, како и решавање на комплексни пресметки.

Предавач на курсот: Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
101
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088